ЈППЈЛП Битола

**Извештај за финансиското работењето на Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола**

**за 2019 година**

Битола февруари, 2020 год.

**Извештај за работа на ЈППЈЛП Битола за 2019 година**

Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола, (ЈППЈЛП Битола) формирано е на 23.04.2019 година со Одлука на Совет на Општина Битола бр.09-49/6 со цел вршење на услуги во делот на услуги поврзани со копнен превоз, градски, приградаски патнички копнен превоз и друг патнички копнен превоз.

Организационата поставеност на јавното претпријатие е распоредна во во два сектори во чии состав функционираат по две одделенија:

1. Сектор за јавни паркиралишта и пајак.
   - 1.1 Одделени за јавни паркиралишта и пајак служба;
   - 1.2 Одделение за јавен градски превоз.
2. Сектор за финанскиски, правни и општи работи
   - 2.1 Одделени за финансиско работење;
   - 2.2 Одделение за општо правни работи и човечки ресурси.

1. **Извештај за работа за Секторот за јавни паркиралишта и пајак**

Секторот за јавни паркиралишта и пајак ја извршува основната дејност на јавното претпријатие, односно врши организирање и управување со паркинг просторот на територијата на Општина Битола. Своите оперативни активности ги врши врз основа на три сообрќајни проекти:

1. Основен сообраќаен проект за режим на сообраќај за зонско паркирање на јавни површини и паркиралишта во цебтрално градско подрачје во Битола (зона А прва зона);
2. Основен сообраќаен проект за организирање на зонско паркирање на определени јавни површини во Општина Битола (зона Б втора зона);
3. Основен сообраќаен проект за организирање на зонско паркирање на определени јавни површини во Општина Битола (зона Ц трета зона).

Секоја зона содржи определен број на подзони. Зона А (прва зона) е организирана во 9 подзони и 3 затворени паркиралишта. Зона Б (втора зона) е организирана во 8 подзони. Зона Ц (трета зона) е организирана во 3 подзони и еден затворен паркинг.

Зона А (прва зона) е организирана во 9 подзони и 3 затворени паркиралишта.

| Зона А | Места за паркирање | Места за инв. лица | Затворени паркиралишта |
|---|---|---|---|
| Подзона А1 | 78 | 4 | |
| Подзона А2 | 36 | 3 | |
| Подзона А3 | 45 | 2 | |
| Подзона А4 | 47 | 3 | |
| Поздона А5 | 64 | 3 | |
| Подзона А6 | 31 | | |
| Подзона А7 | 85 | 9 | |
| Подзона А8 | 78 | | |
| Подзона А9 | 14 | | |
| Паркинг 1 | | | 21 |
| Паркинг 2 | | 3 | 45 |
| Паркинг 3 | | 2 | 58 |
| Вкупно | 478 | 29 | 124 |

Зона Б (втора зона) е организирана во 8 подзони.

| Зона Б | Места за паркирање | Места за инв. лица | Затворени паркиралишта |
|---|---|---|---|
| Подзона Б1 | 176 | 5 | |
| Подзона Б2 | 123 | | |
| Подзона Б3 | 23 | | |
| Подзона Б4 | 58 | | |
| Поздона Б5 | 94 | 3 | |
| Подзона Б6 | 20 | | |
| Подзона Б7 | 35 | 1 | |
| Подзона Б8 | 33 | | |
| Вкупно | 562 | 9 | 0 |

Зона Ц (трета зона) е организирана во 3 подзони и 1 затворен паркинг.

| Зона Ц | Места за паркирање | Места за инв. лица |
|---|---|---|
| Подзона Ц1 | 29 | |
| Подзона Ц2 | 91 | 2 |
| Подзона Ц3 | 65 | 1 |
| Вкупно | 185 | 3 |

| Зона Ц | Места за патнички автомобили | Места за инв. лица | Места за комби возила | Места за автобуси |
|---|---|---|---|---|
| Паркиралиште Спортска сала | 175 | 6 | 22 | 17 |

Вкупниот број на места за паркирање во зона Ц изнесува 399 места за паркирање од кои 9 место за паркирање на лица со инвалидитет.

Во сообраќајното решение проектирана е потребната хоризонтална и вертикална сигнализација со која се дефинира режимот на сообраќај во подрачјето на опфатот.

*(податоците внесени во табелите бр.1-4 се превземени од ОСП за зонско паркирање на Општина Битола за зони А,Б и Ц)*

**Начин и динамика на работа**

Наплата на паркинг услугата се врши во две смени во временски периодот од 7.00-21.00 часот секој работен ден и сабота, освен во недела и за време на државни празници.

## Реализрани активности

- Извршено е прелепување на 105 инфор табли со податоци од ЈППЈЛП Битола;
- Извршено фарбање на 105 столбови за информативни табли;





- Реализиранано е обележување на сите отворени паркинг места





## Затворен паркинг Центар за култура

- Извршено е санирање на состојба на плато на рампи на влез во паркинг










- Извршенено е обележување на паркинг





## Затворен паркинг Јавор

- Извршено е санирање на состојба на терминали на влез на паркинг






- извршено е афалтирање на паркинг просторот










- Извршено обележување  на паркинг (хоризонтална сигнализација)





- извршено е осветлување на паркингот





- извршено е уредување на простор околу паркинг со бехатон плочки





- Поставени се две сталажи за велосипети





- Извршено е чистење на атмосферска собирна мрежа и уредување на јарболи





**Затворен паркинг Стара автобуска**

- Извршено е санирање на состојба со коцки на паркинг простор






- Извршено е уредување на простор просторот







**Затворен паркинг спортска сала**






**Работа на паркинг системи**

Во периодот на работа на јавното претпријатие од 29.08.2019 до 31.12.2019 година добиени се следните податоци.

**Отворени системи за паркирање:**

- Број на корисници на на отворен паркинг (зонско паркирање) 55561;
- Продадени 81815 картички;
- Вкупен број на СМС пораки 113702.

**Затворени системи**

- Број на корисници на затворени системи (паркиралишта);
  - Паркинг простор на локација Јавор 19148;
  - Паркинг простор на локација Центар за култура 72249;
  - Паркинг простор на локација Стара автобуска 23957;
  - Паркинг простор на локација спортска сала 10250;

**Блокирани возила** Вкупно 166**.**

2. **Сектор за финанскиски, правни и општи работи**

Секторот за финансиски, правни и општи работи своите активности ги врши во двете одделенија: одделение за општо правни работи и човечки ресурси и во одделнието за финансиско работење.

Работните активности на одделнието за општо правни работи и човечки ресурси беа насочени кон спроведување на законските и подзаконските правни акти кои се однесуваат на работа на претпријатието, подготовка на правилниците за работа на претпријатието, подготовка на материјалите на управните и надзорните органи на претпријатието, функционирањето и усогласувањето на целокупното архивско работење, примената на законската регулатива од областа на јавните набавки, спроведување на постапки за јавни набавки и водење евиденција за јавните набавки. Во оваа насока беа изработени:

- Правилник за организација и наплата на јавни паркиралишта;
- Правилник за издавање на повластена паркинг карта.
- Функционална анализа на јавното претпријатие.

Од почеток на работа на јавното претпријатие заклучно со 31.12.2019 направени се:

- 395 договори за повлатена паркинг карта за жител;
- 24 договори за повлатена паркинг карта за правно лице;
- 92 договори за повластена паркинг карта за вработено лице;
- 56 договори за повластена паркинг карта за инвалидизирано лице;
- 12 договори за вип карта.

Работните активности во делот на финансиското работење ги врши одделението за финансии според сметководствените стандарди и законските регулативи за подготвува на целокупната сметководствена документација и книговодствено работење за нормално функционирање на претпријатието и правилна распределба на собраните средства.

**Финансиски податоци заклучно со 31.12.2019 година**

| | Сума во денари |
|---|---|
| Оснивачки влог | 4.350.000,00 |
| Основни средства и опрема | 1.759.492,00 |
| Парични средства на жиро сметка | 4.952.617,00 |
| Парични средства на благајна | 4.108,00 |
| Побарувања од купувачи | 1.062.380,00 |
| Обврски према добавувачи | 732.840,00 |
| Обврски кон УЈП - ДДВ | 703.378,00 |
| Исплатена комунална такса | 579.833,00 |

**Приходи**

| | | **Износ (ден)** |
|---|---|---|
| 1 | Приходи од  работа на паркиралишта | 7.146.175,00 |
| 2 | Комунална такса | 579.833,00 |
| 3 | Обврски кон УЈП ДДВ | 703.378,00 |
| | **Вкупно** | **8.429.389,00** |

**Расходи**

| Опис | | Износ (ден) |
|---|---|---|
| 1 | Плата за вработени – нето | 2.787.813,00 |
| 2 | Персонален данок за плата и придонеси за социјално и здравствено осигурувањеосигурување | 1.314.656,00 |
| 3 | Други примања | 135.000,00 |
| 4 | Потрошени суровини и помошни материјали | 261.764,00 |
| 5 | Потрошени канцелариски материјали | 73.797,26 |
| 6 | Потрошена електрична енергија | 52.197,00 |
| 7 | Потрошено гориво за транс.средства | 37.623,50 |
| 8 | Резервни делови | 27.870,28 |
| 9 | Трошоци за ПТТ услуги, услуги од мобилна телефонија фиксна телефонија и интернет | 115.221,00 |
| 10 | Услуги (АВВ, обезбедување, сметководствени услуги, банкарски услуги) | 660.715,20 |
| 11 | Службени патувања | 8.486,00 |
| 12 | Надомест за управни органи | 10.000,00 |
| 13 | Спонзорства, услуги за договор за дело , членарини) | 17.500,00 |
| 14 | Персонален данок | 17.208,00 |
| 15 | Останати трошоци | 190.271,00 |
| 16 | Други трошоци | 1.379.867,00 |
| | **Вкупно** | **7.085.989,24** |

| | |
|---|---|
| Приходи од работа на паркиралишта | 7.146.175,00 ден. |
| Расходи од работна на претпријатието | 7.085.989,24 ден. |
| Разлика | 60.185,76 ден. |

Заклучно со 31.12.2019 година Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола оствари добивка од 60.185,93 денари.

Битола　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　ЈППЈЛП Битола

24.02.2020　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　----------------------------------